РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08-876/4

21 10. 2022 год.-viti

Скопје - Shkup

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 7 и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 ) и извештајот од стручната комисија бр.08-876/3 од 10.10.2022 година, Одборот за акредитација на високото образование, на 43 -та седница одржана на 30.09.2022 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за акредитација на ментор на докторски студии

1. Д-р Викторија Максимова, вонреден професор на студиската програма Општа медицина - Базични и клинички истражувања во медицината, на Факултет за медицински науки, при Универзитет „Гоце Делчев” Штип, се акредитира за ментор на докторски студии на студиската програма Општа медицина - Базични и клинички истражувања во медицината, од трет циклус бр. на акредитација 08-389/9 од 17.08.2021 година.
2. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.
3. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

По донесеното барање 2007-256/1 од 06.09.2022 година(наш бр.08 - 876/1 од 09.09.2022 година) за акредитација на ментор на докторски студии на студиска програма Општа медицина - Базични и клинички истражувања во медицината, на Факултет за медицински науки, при Универзитет „Гоце Делчев” Штип, за проф. д-р Викторија Максимова.

Одборот за акредитација на високото образование, на 42 - та седницата одржана на 14.09.2022 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација на ментор на докторски студии, со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр. 08 - 876/3 од 10.10.2022 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21) и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 43 - та седница одржана на 30.09.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова